ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19), член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија,, бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19) и член 22 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), Градоначалникот на Општина Гевгелија објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2019**
**за вработување на неопределено работно време на 1 (едно ) овластено службено лице во областа на безбедноста во ТППЕ Гевгелија**

Општината Гевгелија има потреба од вработување на неопределено работно време на 1 (еден ) овластен службеник во областа на безбедноста за следното работно место:

**1.Командир на Територијалната противпожарна единица Гевгелија** - реден број 83, шифра - ПОЖ 0210 А04 000, број на извршители -1 (еден);

**општи услови:**

-кандидатот да е државјанин на Република Северна Македонија,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место,

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност и

- активно да го користи македонскиот јазик;

**општи работни компетенции на напредно ниво:**

-решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг, учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа, стратешка свест, ориентираност кон засегнати страни, и раководење.

**работни задачи и обврски:**

-раководи со ТППЕ - Гевгелија;

-ја организира, координира и следи работата на единицата во извршувањето на работите и задачите од областа на противпожарната заштита во согласност со законите, подзаконските прописи и други општи акти;

-изготвува програми за работа на противпожарната единица;

-изготвува извештаи за извршување на програмите за работа;

-ја спроведува програмата за обука на вработените;

-се грижи за исправноста на опремата и другите средства со кои располага единицата како и личната опрема на вработените;

-одговорен е за функционирање на единицата во случај на итни интервенции за спасување на животот и заштита на имотот на граѓаните загрозен од пожари, експлозиви и природни катастрофи;

-одговара за навремено, законито и квалитетно извршување на работите на единицата.

**посебни услови:**

-стручни квалификации: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-работно искуство: најмалку пет години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж;

-посебни работни компетенции, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски,германски), и тоа: преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 – 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**други посебни услови**

-положен возачки испит „Ц" или „Д" категорија;

-положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот (во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место).

-сертификат за стекната квалификација пожарникар (во рок од една година од распоредувањето на работното место).

**распоред на работното време**

-дневно работно време - од 7:00 до 15:00 часот, 40 часа неделно;

-паричен нето износ на плата 19.550,00 денари;

**Напомена:** Согласно годишниот план за вработување за 2019 година, вработувањето е предвидено за Македонец(ка).

**2. Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите** се доставува во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневен печат не рачунајки го денот на објавувањето.

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма на адреса: Општина Гевгелија , улица „Димитар Влахов „ бр.4, Гевгелија, со назнака „За оглас број 02/2019 за прием на овластено службено лице во областа на безбедноста";

Пријавата за вработување може да се подигне од архива на Општина Гевгелија или да се превземи од веб страната на Општина Гевгелија: **www.gevgelija.gov.mk**
Лице за контакт – Весна Хаџикојчева , телефон 075/451-920;

**Пријавата за вработување треба да содржи:**

-податоци за кандидатот ( име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница)

-кратко мотивациско писмо;

-кратка биографија;

-изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

-изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

-изјава за исполнување на други посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;

**Доставување на документација**

Кандидатите кон Пријавата треба да ја достават следнава потребна документација:

-Уверение за Државјанство на РСМ (оригинал или заверено на нотар).

-Диплома за завршено образование (оригинал или заверена на нотар ).

-Извод од историјатот на вработување од Центарот за вработување , како доказ за работното искуство (оригинал или заверен на нотар ).

-Лекарско уверение како доказ да има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува – Командир на ТППЕ (оригинал)

-Возачка дозвола за положен возачки испит „Ц“ или „Д“ категорија (заверена фотокопија на нотар);

-Документот – уверениое за со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, (Општина Гевгелија ќе го набави по службена должност).

-Сертификатот за стекната квалификација пожарникар (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето, да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

- Документот за положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот (во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место).

Кандидатите кои во кратката автобиографија и мотивациско писмо навеле податоци дека имаат завршено повисоко образование од она што се бара во огласот, имаат работно искуство во областа на пожарникарството, членуваат во доброволни противпожарни друштва, имаат завршено обуки од областа на пожарникарството, имаат стекнато сертификати за пожарникар, имаат познавање од странски јазици , има возачка дозвола со положено плус други категории , учествувале на спортски натпревари или имаат наведено други податоци, потребно е за сите нив да достават соодветен доказ - документ во оригинал или заверена фотокопија.

**3.Постапката за селекција** ќе биде спроведена во следните фази: проверка на пријавата и веродостојност на доказите, проверка на физичката способност и интервју;

Градоначалникот со решение формира Комисија за селекција, која во рок од осум дена од истекот на рокот за пријавување на огласот врши проверка дали кандидатите ги доставиле задолжителните докази за исполнување на условите од огласот и нивната веродостојност.

Доколку Комисијата за селекција се сомнева во веродостојноста на кој било од доказите, истата ќе достави барање за дополнителна проверка кај органот кој го издал доказот и кој е должен во рок од десет дена да одговори.

По објавување на Записникот од првата фаза на селекција na web страната на општина Гевгелија, во рок од 5 дена Комисијата за селекција врши проверка на физичката способност на кандидатите, која вклучува практични вежби.

Во рок од пет дена од денот на објавување на Записникот на web страната на општина Гевгелија, Комисијата за селекција ќе спроведе интервју со кандидатите за вработување.

Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми, пропишани од Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

По спроведената постапка на селекција, се прави ранг-листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција.

Од ранг-листата се избираат онолку кандидати по припадност на заедница согласно со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор.

Комисијата за селекција ранг листата на кандидати му ја доставува на Градоначалникот, кој врши избор во рок од 15 дена.

Бр.04-1958/1
27.11.2018 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,

***М-р Сашо Поцков***

ISO 9001:2008
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk